# СПОРТСКИ ВЕЛИКАНИ СО ПОТЕКЛО ОД ЛЕШОК ИЛИ УЧЕЛЕ ОД СПОРТСКАТА ШКОЛА ОД ЛЕШОК

Коментарите и написите за фудбалот и успесите на Југословенската репрезентација, и фудбалските клубови Вардар, Црвена Звезда, Партизан, Динамо, Хајдук, потоа фудбалските клубови од Тетово Љуботен и Тетекс имаа големо влијание на нас младите.
Во дружењето и игрите ги коментиравме натпреварите, резултатите на фудбалските гиганти и зборувавме и им се воодушевувавме на фудбалските звезди ( Видиниќ, Беара, Дончевски, Божиновски, Шекуларац, Галиќ, Такач, Осим, Дарко Панчев, Мутибариќ, денес Горан Пандев и многу други ). Многу од фудбалерите ни беа идоли и звезди, а многу од децата им дававме прекари по славните фудбалери. Многу од децата од Лешок понесени од овие фудбалски и спортски јунаци, се организиравме и игравме топка меѓу себе и многу пати се поделувавме во две групи ( Вардар, против Црвена Звезда или Партизан или Црвена Звезда против Партизан, Хајдук, Динамо и сл. ) и така игравме фудбал.Така, се калеа и растеа децата- фудбалери и спортисти од Лешок и така се роди фудбалскиот клуб Оникс, кој 10 години успешно се натпреваруваше во тетовскиот фудбалски потсојуз.




(Дарко Панчев, фудбалер на Вардар,Скопје, Црвена Звезда, Белград и Милан од Торино, репрезентативец на Македонија и освојувач на Златна копачка на Европа во 1991)
(Darko Pancev, footbaler Vardar,Skopje, Crvena Zvezda, Belgrad and Milan od Torino, reprezentacia Macedonia , Gold shoe (Zlatna kopacka ) Europe 1991)

Подоцна од истите деца се оформи и одбојкарскиот клуб Лешок, кој успешно се натпреварува 35 сезони во Македонската одбојкарска лига и Лешок е единствено село во Македонија кое може да се пофали и гордее со постигнатите резултати. Благодарение на долгата традиција на спортување во Лешок во фудбалот и одбојката, се појавија и многу фудбалски и одбојкарски играчи кои се со потекло од Лешок.

Играчите кои добија слава, треба да бидат благодарни на плеадата лица ентузијатсти и спортисти од Лешок кои играа за Лешок и кои директно или индиректо имаат заслуга за успесите на многу спортисти кои потекнуваат од тетовскиот крај, иако листата е многу поголема, ги издвојувам следните:

1. Љубо Атанасовски, фудбал-прва генерација 1949
2. Живко Спироски, фудбал-прва генерација 1949
3. Перо Груевски, фудбал-прва генерација 1949
4. Петре Филиповски, тренер, фудбал-прва генерација 1949
5. Мирко Јовановски-учителот по фискултура во ОУ Теарце
6. Делко Кировски-Коко, играч во фудбал и тренер и судија
7. Добре Војновски, играч во фудбал и тренер
8. Никола Ристовски-Барак, управа и технико во фудбал
9. Борче Форчевски, играч фудбал и одбојка
10. Крсто Дамјановски, фудбал
11. Саре Вучевски, Ратае, играч во фудбал и тренер
12. Раско Мирчевски, играч во фудбал и одбојка и тренер
13. Цветко Ѓуровски, Жилче,фудбал
14. Боре Глигуровски, играч и тренер во фудбал
15. Перо Јовановски, Ратае, фудбал
16. Раско Аврамовски-Каша, фудбал
17. Трпо Ристовски, фудбал
18. Драго Војновски-Диди, фудбал
19. Спасо Кировски, фудбал
20. Петко Петрушевски, фудбал
21. Мирко Симјановски, фудбал
22. Крсто Тодоровски, фудбал
23. Борис Момировски, играч и тренер во фудбал и одбојка
24. Стојан Спироски, фудбал и технико
25. Зоран Ристовски,играч во фудбал
26. Ане Поповски, фудбал
27. Перко Васовски, играч во фудбал и одбојка
28. Мирко Коцевски, играч фудбал и одбојка
29. Јордан Ристовски, играч фудбал и одбојка и тренер и судија
30. Иван Атанасовски, играч фудбал и одбојка и тренер
31. Ристо Кипровски, фудбал
32. Никола Ристовски, управа и технико во одбојка
33. Иван Спироски, играч и тренер во одбојка
34. Јасре Јасревски,одбојка
35. Ацо Ацевски, играч и технико во одбојка
36. Предраг Ѓоркоски, играч и технико во одбојка
37. Ѓоко Лазаревски, играч во одбојка
38. Сашо Костадиновски,одбојка
39. И **многу, многу, многу** други играчи и управа……, со кои треба да ја исполниме целата книга.



(Goran Pandev, fudbaler-reprezentativec na Makedonija,igra za Lacio i Inter, Italija 2009)
(Goran Pandev, fudbaler-reprezentacion of Macedonia,, player Lacio and Inter, Italy 2009)

Браќата **Александар и Васе Васовски**, **Бошко** и **Милко Ѓуровски**, **Жарко** и **Томе Ристовски**, потоа браќата **Зоран, Горан** и **Борче Јовановски,** како и сестрите **Светлана** и **Лидаија Форчевска** за спортските успеси, покрај на својот талент и ангажирање, треба да се благодарни и на нивните родители кои првите чекори и знаења за фудбалот и одбојката ги добија во ФК ОНИКС и ОК Лешок.




( Светлана и Лидија Форчевски, репрезентација на Македонија во одбојка)
( Svetlana and Lidija Forcevska, reprezentacia Macedonia-volleyball)

## Борче Форчевски, од Лешок, фудбалер и одбојкар и ќерките Светлана Форчевска и Лидија Форчевска, одбојкарки



( Борче Форчевски,Лешок )
( Borce Forcevski from Lesok )

Борче Форчевски е роден во Лешок. Основно училиште завршува во Лешок, а Осмолетка во Теарце.
Во 50-те години родителите се преселуваат во Тетово и работаат во Тетекс. Но, Борче не го заборава никогаш Лешок и кога пораснува игра фудбал за Лешок. Кога се формира ФК Оникс, Борче Форчевски е моторот на клубот. Борче е одличен голман, но, е подеднакво одличен и во напад, оти е многу брз.
Се вработува во Тетекс и многу брзо преминува од ФК Оникс во ФК Тетекс Тетово. Паралелно со Борче, ФК Тетекс го презема и играчот на ФК Оникс, Саре Вучевски, кој е од Ратае. Така, со преминувањето на Борче и Саре во Тетекс,ФК Оникс многу се ослабува, но, набрзо се консолидира и се појавија нови таленти на фудбалери од Лешок.
Борче Форчевски е еден од главните играчи на ФК Тетекс, заедно со Саре Вучевски и имаат голем придонес за успесите на ФК Тететкс, во Македонската лига, потоа во Втората лига-Исток и секако и за влегувањето и во Првата сојузна фудбалска лига на Југославија.



(ФК Оникс-Лешок, голман Боче Форчевски и ФК Жеграб -Ратае, голман Саре Вучевски и др. )
(FK Oniks-Lesok, golman Boce Forcevski and FK Zegrab -Ratae, golman Sare Vucevski and etc. )

Борче Форчевски, покрај играњето фудбал, игра и одбојка во ОК Тетекс.
Борче Форчевски е идол за младите од Лешок, Тетово и Полог и важи како прав спортист и атлета.
Борче Форчевски, својата љубов кон спортот ја пренесува и на своите две ќерки Светлана и Лидија Форчевски, кои играат многу успешно одбојка во ОК Љуботен Тетово, кој се натпреварува во Македонската одбојкарска лига. Лидија Форчевска поради заслугите во одбојката и спортот е прогласена за спортист на Тетово.
Од богатата спортска традиција и успеси, фамилијата Форчевски имаа освоено безброј трофеи и медаљи, и мноштво-богатство од фотографии.
Борче Форчевски има едно од централните места и во книгата на Кочовски Владимир, Кога Тетексовото сонце беше во зенит, издадена во Тетово, 2001 година (извор:ред. бр. 10) .
Борче Форчевски е првиот фудбалски и спортски великан на Лешок,но, Борче е спортски великан и на Тетово и на Македонија и не случајно во оваа книга го сврстив на првото место од великаните на Лешок.
Благодарение на љубезноста на Менка Форчевска, сопругата на Борче Форчевски, оваа книга е многу побогата, а Јас во своие име и во името на спортот на Лешок, Полог и Македонија и изразувам бескрајна благодарност.
Борче Форчевски многу млад почина, но, неговата сестрана спортска величина вечно ќе свети и ќе ја краси неговата фамилија, нашиот Лешок и нашата Македонија.
Борче, Бог да те прости.
Во продолжение давам во скенирана форма само мал дел од пребогатиот фото албум со фотографиите на потесното смејство на Борче Форчевски со неговите ќерки Лидија и Светлана Форчевска.


















ТЕКСТИЛЕЦ
1960 г.









( Спортското семејство Форчевски од Лешок, повеќе фотографии)
( Sport, s family Forcevski from Lesok, - photo)



(Лешок, Ноември 2009, Бели цветови од павит на Кале )
(Lesok, November 2009, Kale, white flowers )



(Лешок, Снег на Кале )
(Lesok, Snow, Kale )

## Зоран Ристовски, од Лешок, фудбалер и синовите Жарко Ристовски и Томе Ристовски, одбојкари



( Зоран Ристовски, Лешок )
( Zoran Ristovski from Lesok )

Зоран Ристовски е роден во Лешок. Основно училиште завршува во Лешок, Осмолетка во Тераце и Гимназија во Тетово. Завршува правен факултет во Скопје и работи како инспектор за стопански криминал во МВР Тетово, се до пензионирање. Денес живее во Лешок. Зоран потекнува од родот Лешкови односно Попооj. Зоран со сопругата Савица, која многу млада умира, а потекнува од родот Кокоој од Лешок имаат два сина Жарко и Томе Ристовски.
Зоран Ристовски љубовта кон спортот, а посебно кон фудбалот ја искажува во среддношколските и во студентските денови. И покрај големата конкуренција во Лешок, Зоран Ристовски обезбедува место во ФК Оникс. Зоран игра во напад, како крило, е многу брз и има постигнато многу голови и има многу заслуги за победите на Оникс. Еден период Зоран игра за ФК Работник од Тетово, се до повлекување од играње фудбал. Со формирањето на ОК Лешок, Зоран игра рекреативно, а дава голем придонес со совети на младите одбојкари, но, секако најповеќе на своте синови Жарко и Томе.
Така, љубовта кон спортот Зоран ја пренесува и на своите синови Жарко и Томе и тие одат по стапките на нивниот татко Зоран. Жарко и Томе првите знаење ги добиваат од татко им Зоран, потоа од спортската школа во Лешок и секако со својот талент и со тренирање постигнуваат и врвни резултати.

 

( Браќата Жарко и Томе Ристовски, одбојкари од Лешок)
( Brothers Zarko and Tome Ristovski, volleyball players from Lesok)

Браќата **Жарко Ристовски** и **Томе Ристовски**, првите знаења и љубовта за одбојката и спортот ги добиваат во Лешок од нивниот татко Зоран Ристовски, кој игра за ФК Оникс и ФК Работник од Тетово. Инаку, Жарко и Томе Ристовски најпрво играат во ОК Југохром од Јегуновце и даваат голем придонес за високите резултати кои ги

постигна Југохром во Македонската одбојкарска лига. Тогаш, во 1994 година, ОК Југохром го освојува Купот на Македонија. Потоа Жарко игра за Работнички Фершпед и е капитен на македонската репрезентација во одбојка. Жарко во 2005 и 2006 година е прогласен за најдобар одбојкар во Македонија. Жарко игра во странство во Румунија, Србија и Кипар, а Томе игра во Србија и Холандија.
Јас, може да жалам што имам малу податоци од богатата спортска кариера и резултати на ова спорстко семејство, верувам дека други автори ќе напишат повеќе за нив, бидејќи тоа и го заслужуваат.
Зоран со синовите Жарко и Томе Ристовски влегуваат во спорстките великани на Лешок, Полог и Македонија и сите Лешани, тетовчани и македонци треба да се гордееме на ова спортско семејство.



(Трета генерација фудбалери ФК ОНИКС Лешок, на гости на Шар Тетово –Делко Коко и Добре Војнов управа и тренер, Борис Софро, Боре Глигур, Крсто Гутен, пети од десно, Зоран Ристовски-Мелиќ, Мирко Скуко, Цветко Жилче, Николе Митанин и играчи од Ратае, Непроштено и Жилче)
(3-th generacion footballers FK ONIKS Lesok, Shar Tetovo –Delko Koko i Dobre Vojnov managers and trener, Boris Sofro, Bore Gligur, Krsto Guten, Zoran Ristovski-Melic, Mirko Skuko, Cvetko Zilce, Nikole Mitanin and players from Ratae, Neproshteno and Zilce)



( Жарко Ристовски, одбојкар и репрезентативец, син на Зоран Ристовски од Лешок највисоко го афирмира своето потекло)
( Zarko Ristovski, volleyball and member of the national sport representation , Zoran Ristovski's son - Lesok he has the biggest affirmation according to his origin)

Во продолжение давам неколку исечоци од весници и фотографии, кои се однесуваат на дел од богатата одбојкарска кариера на Жарко Ристовски.

ВО ИЗБОР НА ОФМ

## Ристоски повторно одбојкар на годината

Најдобар одбојкар во Македонија во минатата година е Жарко Ристоски, капитен на државниот првак Работнички Фершпед и член на националната репрезентација. Ова е резултатот од изборот за најдобри во 2006 година на Одбојкарската федерација на Македонија. Универзалецот Ристоски триумфираше со 41 глас. Свеченото прогласување во неколку категории ќе се одржи вечерва во Домот на АРМ, во Скопје. Ристоски и лани ја освои оваа титула. На второто место за 2006 година е средниот блокер Гоко Јосифов (39), а трет е техничарот Александар Митев (25), обајцата репрезентативци и играчи на Работнички Ф.

- Чест ми е што ја сочував титулата, но се надевам идната година ќе ја добие некој помлад одбојкар. Со Работнички Ф. ја освоивме двојната круна во минатата сезона, а и со репрезентацијата останавме во најдоброто европско друштво. Ова е шлаг на тортата - вели Ристоски (31), кој беше и одбојкар на Македонија во 1998, а во Романија, како играч на Плоешти во 2003/2004 беше прогласен за најдобар странец.

Најдобар младинец е Вук Карановиќ, репрезентативец и член на Работнички Ф. со 44 гласа. Втор е Владо Милев од Македонија (33), а трет Перица Галевски од Лирија (10).

Најдобар интернационалец е Јовица Симовски од Авербоде (Белгија).

Кај девојките најдобра сениорка е Тања Алексовска од Работнички Ф., нејзината клупска колешка Елена Петровска е втора (29), а трета е Душица Андоновска од Македонија Макс (16). Најдобра младинка е Маја Јакимовска од Работнички Ф., по неа е Теодора Маринова од Македонија макс, а трета е Ивана Карова од Борец Велес. Најдобра интернационалка е Сања Алексовска од Јешил Јурт, Турција.

Најдобар тренер е Јошко Миленкоски, селектор и стратег на Работнички Ф., а кај жените - Светислав Пеица од Работнички Ф. Меѓу судиите почестите му припаднаа на Здравко Здравевски од Скопје.

Посебни награди добија одбојкарските работници Јосиф Василевски, Ацо Жабев, Ѓорѓи Дигаловски и постхумно Бранко Хаџи Илоски - Чајка. Наградени се и спонзорите Франке (Швајцарија) и Коимпекс (Италија). Во категоријата медиуми, наградени се весникот „Дневник" и Спортското радио 90.3.

Во гласањето учествуваа 15 клуба, тренерската и судиската организација на ОФМ и 8 медиуми.

Дневник 13.02.2007

И. бр. 277/2006
Извршителот Милица Николовска со седиште во Битола на ул. "Паца Чеснова" бр. 13, врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Стопанска Банка АД Битола од Битола со БДС 5026377 и седиште на ул. Д. Радосављевиќ бр. 21, засновано на извршна исправа ОДУ бр. 157/04 од 30.06.2004 година на Нотар Вера Караманди, против должникот Друштво за производство, промет и услуги Јане Шијакоски "Квалитет Конерц" увоз извоз Битола ДООЕЛ од ...

СПОРТ ЖАРКО РИСТОВСКИ ОДБОЈКАР

# Одамна го заслуживме местото меѓу најдобрите ...









28 ВРЕМЕ СПОРТ

ОДБОЈКА

КУП ТОП-ТИМС, ФИНАЛЕ

## Прва европска титула за словеначки Блед

**Аутокомерц Блед во финалето ја победи Чимоне Модена со 3-2 по сетови, а бронзата ѝ припадна на Искра Одинцово, по триумфот над Работнички**

Одбојкарите на Аутокомерц Блед ја шокираа италијанската публика и европската јавност откако во финалето на купот Топ-тимс во Италија го победија домаќинот на фајналфор-турнирот, Чимоне Модена, со 3-2 по сетови (25-16, 25-24, 14-25, 24-26, 15-10). Ова е прва европска титула за словеначки тим, и тоа во вториот по значење европски одбојкарски куп, по Купот на шампионите.

Претходно, во мечот за 3. место на турнирот победи рускиот тим Искра Одинцово, кој славеше над македонскиот шампион Работнички Ферилед со 3-1 (25-16, 25-16, 23-25, 25-18). Ова е најголем клупски успех на „железничарите" во историјата, откако двапати досега беа близу до полуфиналето, а во третиот обид се пласираа меѓу четирите најдобри екипи во овој европски куп.

За најкорисен, МВП-играч, на турнирот беше прогласен словенечкиот репрезентативец и член на Аутокомерц, Матија Плешко.

- Ова беше тежок натпревар, но среќен сум што победивме. Голема чест е да се добие МВП-наградата и јас му ја посветувам на целиот тим - изјави Плешко по натпреварот.

Тине Урнаут, 18-годишниот одбојкар на Аутокомерц, кој не настапи на мечот против Работнички Ф во полуфиналето, кога „железничарите" загубија со 1-3, во неделата го предводеше својот тим кон победата во првиот сет, особено на сервисот. Нападот на Модена не се подобри ниту во вториот сет, а Јасмин Утури правеше невозможни работи и во нападот и во одбраната. Модена се врати во игра во следните два сета, кои ги доби во своја корист, но недоволно за петтиот сет, кога играта на Словенците беше постабилна.

Во олстар-тимот место избороја Андреа Сарторети (најдобар поентер, Модена), Тине

( Текстови во весници за Жарко Ристовски )
( The note in magazine for Zarko Ristovski )



(ОК ЈУГОХРОМ Јегуновце,1996, Жарко Ристовски бр. 4, Сашо Костадиновски бр. 3 и Томе Ристовски бр. 5, седи ,трет од лево Младен Мисајловски, во раководство, сите со потекло од Лешок)
(OK JUGOHROM Jegunovce,1996, Zarko Ristovski No. 4, Sasho Kostadinovski No. 3 , Tome Ristovski No. 5 and Mladen Misailovski, all origin from Lesok)



( Жарко Ристовски,капитен на Македнската репрезентација во одбојка )
( Zarko Ristovski,kapitain of Macednian volleyball representation )




( Лешок, Зима 2010, Св. Атанасие и Св. Богородица им помагаат на спортистите од Лешок)
( Lesok, winter 2010, St. Atanasie and St. Virgin Mary -Bogorodica , helpmate to the Lesok,s sportist )

# Перко Васовски, од Лешок, фудбалер и одбојкар и синовите Александар Васовски и Васе Васовски, фудбалери



( Перко Васовски од Лешок)
( Perko Vasovski from Lesok)

**Перко Васовски** е роден во Лешок. Основно училиште завршува во Лешок, Осмолетка во Теарце и Гимназија во Тетово. Завршува машински факултет во Скопје и работи во Железара во Скопје, подоцна во Југоинспект.
Живее во Скопје, а постојано е присатен во Лешок. Перко потекнува од родот Такарооj од Лешок. Перко Васовски со сопругата од Теарце имаат два сина Александар Васовски и Васе Васовски.
Перко Васовски љубовта кон спортот, а посебно кон фудбалот ја искажува уште во средднoшколските и во студентските денови. Перко како стабилен и цврст одбрамбен фудбалер од млади години обезбедува место во ФК Оникс. Перко игра во одбрана како бек и е многу цврс играч и просто не може да го помине противничкиот напад. Перко Васовски е многу брзо забележан од раководството на ФК Љуботен и од ФК Оникс преминува во Љуботен. Во ФК Љуботен работи како тренер и Раско Мирчевски, поранешен фудбалер на ФК Оникс од Лешок.
После згаснувањето на ФК Оникс и формирањето на ОК Лешок, Перко Васовски игра како одбојкар, заедно со Мирко Коцевски, Иван Атанасовски, Борис Момировски и други фудбалери на Оникс. Перко игра фудбал и за ФК Работник од Тетово, а одбојка и за ОК Тетекс од Тетово.
Со формирањето на ОК Лешок, Перко Васовски, неколку години игра за ОК Лешок и има голем придонес за високите места на ОК Лешок во македонската лига, за освојувањето на второто место во македонската лига во 1989 година и потоа и за успесите и во Втора лига –Југ. Перко како голем спортист и со големо знаење и искуство им даваат заедно со Мирко Коцевски, од неговата генерација, совети и насоки на младите одбојкари од Лешок, кои постепено израснуваат во силни играчи.
Раде Ристовски-Чалам,со кого учевме заедно, е брат на Перко Васовски. Раде 60-те години замина на работа во Германија, има еден син Христијан, кој тренира и игра за некој фудбалски клуб во Минхен.
Така, љубовта кон спортот Перко Васовски ја пренесува и на своите синови Александар и Васе Васовски и тие одат по стапките на нивниот татко Перко. Александар и Васе Васовски првите знаења ги добиваат од татко им Перко, потоа од познатата и афирмирана фудбалска школа во Лешок и секако дека со својот талент и со напорното тренирање постигнуваат и врвни резултати.

На браќата **Александар и Васе Васовски**, татко им е Перко Васовски од Лешок, кој е еден од најзаслужните за успесите на Оникс, подоцна и на Љуботен и сигурно е дека младиот репрезентативец на Македонија и поранешен член на Вардар и сегашен член на Ајнтрахт од Германија, талентот, знењето и љубовта кон фудбалот ги добил од Перко. Васе Васовски, вториот син на Перко игра фудбал и настапува за ФК Металург и ФК Цементарница и сигурно е дека и Васе првите знаења и љубов кон фудбалот ги добил од татко му Перко. Перко Васовски е две генерации пред мене и Јас, лично сум играл како дете фудбал со него и многу добро знам дека Перко, фудбалот го засака и го научи на игралиштето во Млака, Певчина и Костоо и секако дека љубовта и знаењето им ги предаде и на своите синови Васе и Александар.



( Александар Васовски, фудбалер во репрезентацијата на Македонија, син на Перко Васовски од Лешок)
( Aleksandar Vasovski, footballer – reprezentacia of Macedonia, son of Perko Vasovski from Lesok )



( ФК Љуботен од Тетово, настапува и Перко Васовски од Лешок, тренер е Раско Мирчевски од Лешок )
( FK Ljuboten from Tetovo, player Perko Vasovski from Lesok, trener Rasko Mircevski from Lesok )


(Борис Момировски-тренер на ОК Лешок , 1974 год, и одбојкарите-Лешани)
(Boris Momirovski-trener OK Lesok , 1974 and volleyball players Lesani)


(Одбојкарки клуб Тетекс Тетово член на Македонската одбојкарска лига, стојат: Мирко Коцевски, лево и Перко Васовски, трет од лево, клекнат: Раско Мирчевски во средина)
(Volleyball club Teteks Tetovo: Mirko Kocevski, Perko Vasovski and Rasko Mircevski )



(Перко Васовски на Годишен извештај на Здружението ЛЕШОК, Скопје за 2004 год. www.lesok.org.mk )
(Perko Vasovski at Annual report of the Association LESOK, Skopje of 2004 year-. www.lesok.org.mk )




( Александар Васовски, фудбалер на ФК Ајнтрахт, Германија )
( Aleksandar Vasovski, football player Aintraht, Germany )



# Васоски со гол го Ајнтрахт од испа

**ГЕРМАНИЈА:** Александар Васоски го постигна својот втор гол сезонава за германскиот бундеслигаш Ајнтрахт во саботната победа со 4-0, дома, над Алеманија, во 32. коло. Македонскиот репрезентативец го даде голот во 31. минута, во тој момент за 2-0, со прекрасен удар со глава по центаршутот од десната страна.

Никола Ношески го одигра целиот меч за Мајнц, кој односно загуби, сега од Штутгарт, на гости, со 0-2. И Игор Митрески беше сите 90 минути на теренот, но и неговиот тим Енерги Котбус доживеа пораз на гости со 0-2, но кај Хановер.

Ајнтрахт со победата речиси си обезбеди опстанок, што придонесе му успеа на Енерги Котбус. Мајнц, пак, има само теоретски шанси да се спаси од преселба во Втората лига. Енерги е 11-ти со 41 бод, Ајнтрахт е на 13. место со 37, а Мајнц е претпоследен со 31 бод. Од лигата испаѓаат последните три тима.

**БЕЛГИЈА:** Серкл Бриж (Игор Гуљанов, цел меч) и Локерен (Горан Маџов, не настапи) загубија со по 0-1 (од Берхем, односно од Генк) во 32. коло од Првата лига на Белгија, а победа со 4-0 славеше тимот на македонскиот тренер Чедомир Јаневски, Клуб Бриж (над Лирс).

Води Генк со 72, пред Андерлехт со 71 и меч помалку. Клуб Бриж е шести со 50, Серкл Бриж е 14-ти со 34, а Локерен е 16-ти со 29, во Лигата со 18 тима и од која испаѓаат последните два.

**ТУРЦИЈА:** Величе Шумуликовски доби жолт картон во ремито без голови на Бурсаспор, на гости од Денизлиспор, во 31. коло од сезоната во Турција. Бурсаспор уште го нема обезбедено опстанокот во Лигата, бидејќи има 39 бода, три повеќе од тимовите што се во зоната на испаѓање од Лигата. До крајот на сезоната има уште три кола.

**БУГАРИЈА:** Некогашниот фудбалер на Слога Зекирија Рамадани постигна еден од трите гола за Беласица Петрич во победата од 3-0 над Локомотив Пловдив на Зоран Балдовалиев, Илами Халими и Зоран Златковски во 26. коло од Првата лига на Бугарија.

Победи во саботните мечеви од два кола славеа ...

Васоски го постигна вториот гол сезонава за Ајнтрахт

(Александар Васовски, фудбалер и репрезентативец на Македонија, син на Перко Васовски од Лешок)
(Aleksandar Vasovski, footballer and member of the national sport representation-Macedonia,son of Perko Vasovski - Lesok)



( Лешок, Ноември 2009, десно од патот, Куќата на Јордан Момировски во Кадриино)
( Lesok, November ,2009, right og road , House of Jordan Momirovski at Kadriino)

Ацо Ацевски, од Лешок, одбојкар и татко му
Благуњ Ацевски, фудбалер и управа во ОК Лешок



( Ацо Ацевски,од Лешок)
( Aco Acevski, from Lesok)

**Ацо Ацевски** е роден во Лешок. Основно училиште завршува во Лешок, Осмолетка во Теарце. Завршува ДИФ- за физичка култура во Скопје. Во почетокот работи во Тетекс од Тетово, потоа неколку години работи во градот Нефелс во Швајцарија и последните години работи приватен бизнис на изработка на ентериери во домаќинство и во деловни простирии ( врати, столарија, мебел и други изработки од дрво и иверица преку својата фабрика Мебел Ацевски од Скопје.
Ацо, живее во Скопје, а постојано е присатен во Лешок. Ацо Ацовски потекнува од родот Онуфриевски-Лалошои-Главинои-Византијци од Лешок. Ацо Ацевски со сопругата Петра од родот Петрееј од Лешок имаат син Благојче и ќерка Сара.
Ацо Ацевски љубовта кон спортот, а посебно кон одбојката ја искажува уште во осмолетка, средношколските и во студентските денови, посебно, што нивната ќуќа е на Костоо, каде е игралиштето и постојано бил присатен и ги гледал натпреварите на ОК Лешок, кој беше во македонската одбојкарска лига. Ацо се инспирирал и од прекрасните игри на одбојкарите на Лешок, играл фудбал и одбојка со другарчињата од неговата генерација, за да во 1989 година игра и во првиот тим на ОК Лешок, најпрво во македонската лига, а од 1980 и во Втората одбојкарска лига-Југ, кога ОК Лешок постигнува големи резултати.
Играта на Ацо Ацевски многу брзо ја забележале раководството на ОК Југохром и неколку години игра во првиот тим, кој се натпреварува во македонската лига.
Ацо потоа се префрлува да игра за Работнички од Скопје, најтрофејниот македонски тим и потоа заминува на работа во Швајцарија и 6 години игра и за Клубот Нефелс од Швајцарија, кој играл во многу европски купови. По покана на Ацо Ацевски клубот Нефелс (SEAT Nafels) во 2007 година доаѓа на гости во Македонија и играат пријателски натпревар во одбојка со 11 Октомври од Прилеп. Резултатот е 11 Октомври-Нефелс 3 : 0 .
Ацовски, кога се враќа од Швајцарија, а посебно после воените случувања во 2001 година беше еден од петте основачи на Здружението Лешок од Скопје и беше претседател на Извршниот одбор се до мај 2006 година. Тогаш, Здружението Лешок на ОК Лешок му дава значајни финансиски средства и клубот со успех се натпреварува во македонска лига. Ацо Ацевски и неговата фирма Мебел Ацевски на ОК Лешок му подаруваат големи финансиски средства, а Ацо дава и логистички и организаторски придонес на клубот. Ацо е претседател на комисијата за спорт во Здружението Лешок

и неколку години во континуитет од 2003 до 2009 година организира Турнири во одбојка на Костоо во Лешок. Така, во 2004 година ОК Лешок, е во финалето на купот на Македонија во одбојка со ОК Фершпед Работнички и го освојува второто место.
Така, иако клубот ОК Лешок, во 2008 година престанува да се натпреварува во македонската лига, Ацо Ацевски заедно со Душко Дамјановски ги организираат турнирите и во 2008 и 2009 година. Така, благодарение на Ацо и Душко во Лешок имаме континуирано спортување 60 години ( 1949-2009 ).
Ацо, љубовта кон Лешок и кон фудбалот и одбојката ги добива од татко му Благуњ Ацевски, кој како млад игра фудбал за ФК Лешок, а во 1971 година е еден од првите раководители на Одбојкарскиот клуб Лешок и многу е заслужен за големите успеси на ОК Лешок.



(Благуњ Ацевски-бел мантил и Борис Станковски во управата на Одбојкарскиот клуб Лешок )
(Blagunj Acevski- in white coat and Boris Stankovski, first managers of FC LESOK )



ОДБОЈКА | 14 | 8 јуни 2007 | Спорт

В САБОТА ВО ЛЕШОК, ТРАДИЦИОНАЛЕН ТУРНИР НА ВЕТЕРАНИТЕ

Собир на одбојкарските ведети

( Ацо Ацевски и Душко Дамјановски, организатори на Турнирите во одбојка во Лешок )
( Aco Acevski and Dushko Damjanovski,managers of Turnir of volleyball Lesok )



(Ацо Ацевски, најголем финансиер на ОК Лешок и заслужен за финалето на Купот на Македонија)
(Aco Acevski, the bigest financier OK Lesok and miritorius for final to the Cup of Macedonia)




(Ацо Ацевски, диплома за учествува на турнир во одбојка на ветерани во Полини, Грција )
(Aco Acevski, diploma for the cup- volleyball of veterans in Polini, Greece )

**Ацо Ацевски (одбојкар)**



## ОТСЕКОГАШ СУМ САКАЛ ДА РАБОТАМ НЕШТО КРЕАТИВНО

**Ацо Ацевски** вели дека бил предодреден да игра одбојка, како и секое дете родено во Лешок. Активно спортувал од 1979 до 1994 година за „Лешок", „Работнички", „Југохром" и за „Нефелс" од Швајцарија. Сега е сопственик на фабрика за производство на мебел.

Идејата да почне да се занимава со тоа произлегла по еден инспиративен разговор со негов добар пријател. **„Во средината на 90-тите работев и живеев во Швајцарија. Бев тренер на две женски екипи, а организирав и училиште за одбојка. Дипломирав на Факултетот за физичка култура, но само затоа што бев спортист, а никогаш не се гледав себеси како професор по физичко, туку сакав да работам нешто креативно, нешто што на крајот од работниот процес ќе може да се допре. Идејата да се занимавам со производство на мебел ми ја даде еден мој пријател и соиграч во 'Нефелс', Том Рибариќ, Американец од хрватско потекло. Тој ме праша зошто живеам во Швајцарија, а не во Македонија, која се соочува со многу големи промени, и каде се случува распаѓање на големите системи и отворање приватни компании. Се замислив на неговите зборови и сфатив дека има право. Од Швајцарија се вратив со неколку машини за производство, во 'Раде Кончар' земав погон под наем и почнав да работам. На почетокот бев директор, монтажер, чистач и сметководител, дури и архитект. Беше тешко, но и имав среќа да добијам убави и добри проекти. Меѓу првите проекти што ги работев беше средувањето на сцената во Универзална сала за 'Џандар збира'. Подоцна ги уредувавме контролните кули на аеродромите во Скопје и во Охрид, ги опремавме мисиите на ОБСЕ со канцелариски мебел, исто како и продавниците на 'Мобимак', и речиси сите експозитури на Комерцијална банка низ цела Македонија... Сега ги работиме продавниците на 'Космофон'. Постојано го надградувам машинскиот парк, некои нови машини веќе пристигнаа, а некои чекаме да дојдат"**. Ацевски вели дека менаџерската работа се учи, но сепак еден дел мора да биде вроден, да имаш талент за тоа. **„Многу работи што ги научив во Швајцарија се обидувам да ги спроведам во Македонија, избалансирано меѓу нивната прецизност и нашата лежерност. Сметам дека успевам во тоа".**

( Напис за одбојкарот Ацо Ацевски од Лешок, Часопис, Теа Модерна од 12 Април,2006 год.)
(Article for the volleyball player Aco Acevski - Lesok, Magazine , Tea Moderna since 12 April,2006)



(Лешок,Ноември 2009, Исечен стогодишен костен и оскоруша на дедо Атанас Онуфриевски во Белимен)
( Lesok, November,2009, to cut 100-th years chestnut and service free at grandfather Atanas Onufrievski in Belimen)



(Лешок,Ноември 2009, Поглед на врвот Плоча од Кале )
(Lesok, November 2009, View to hill Ploca at Kale )